Врз основа на член 36 од Статутот на Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија, Велес, Деловникот за работа на Управниот одбор на СЗДСМ, а со цел здруженијата да се вклучат поактивно во поттикнување на процесите на креирање потребни локални акции и активности, да се вклучат во поттикнување на зголемување на квалитетот на услугите и животот на лицата со дијабатес, ќе се поддржат конкретни иницијативи од здруженија дијабетичари, Управниот одбор на СЗДСМ на својата седница одржана на ден 22.05.2021 година, донесе

**ПРАВИЛА**
**за Поддршка на иницијативи на здруженијата на дијабетичари за поттикнување развојни процеси во заедницата**

1. Распределбата на средства на здруженија на лица со дијабетес (дијабетичари) ќе се однесуваат на оствраување на мисијата и стратешките цели на сојузот, како и во согласност со целите на програмата за работа на СЗДСМ.

2. СЗДСМ ќе поддржи конкретни инцијативи поднесени од здруженијата во висина до 5.000.00 денари до 20.000,00 денари, при што за секоја иницијатива, потребно е да се обезбеди 10% учество во кофинансирање (финансиско или нефинансиско) од носителот или партнерите.

3. Процедурата за поддршка на иницијатива е во согласност со постоечките процедури во сојузот. Подносителот на иницијативата, доставува писмено барање во кое ги наведува:
   - идентификуваната потреба/проблем,
   - начинот на решавање на проблемот и очекуван степен на промена,
   - цел на иницијативата,
   - план на активности,
   - очекувани резултати,
   - предлог буџет за спроведување на активностите.

4. Барањата (образец за поднесување на иницијативи) се поднесуваат до секретаријатот на сојузот, при што секретарот или овластено лице ги воведува во администрација на сите поднесени предлог иницијативи, потоа Управниот одбор на СЗДСМ одлучува за поддршка на иницијативата.

5. Барањата ќе бидат оценувани врз основа на следните критериуми:
   1. Важност/итност на проблемот или прашањето кое се третира (25 бодови)
   2. Видливи и мерливи резултати (25 бодови)
   3. Релевантност на предложените активности со целта (30 бодови)
   4. Соодветност на буџетот со планираните активности (20 бодови)

6. При секое одлучување ќе се води посебна грижа за судирот на интереси.За барања во кои вработените, волонтери, членови на работини тела, се наоѓаат во позиција на конфликт на интерес одлучува управниот одбор без присуство на лицето кое има конфликт на интерес.

7. За барања во кои конфликт на интерес имаат Претседателот, Потпретеседателот и Секретарот одлуката се носи без нивно присуство, со најмалку 2/3 гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

8. За барање во кое конфликт на интерес имаат членовите на Управниот одбор, членот на одборот не присуствува во диксусијата и одлучувањето по барањето, во случај кога најмалку 4 членови на одборт имаат конфликт на интерес, одборот дава позитивна или негативна препорака до Собранието СЗДСМ, кое ја донесува дефинитивна одлука.

9. Управниот одбор кога одлучува за доделување на финансиска поддршка, процедурата ја отпочнува со мислењето од Барањето за финансиска помош - меморандум потпишан од Секретарот или

Претседателот на СЗДСМ, образецот за барање на финансиска поддршка и преглед на пристигнати барања.

10. Предгрантовиот меморандум го пополнуваат овластени лица сојузот. Во предгрантовиот меморандум содржи: основни податоци за организацијата што побарува поддршка, дали претходно барателот користеле средства, дали доколку користеле средства поднесувале редовно извештаи, дали ги реализирале обврските кои се преземни од корисникот при потпишувањето на финансиската поддршка.

11. Управниот одбор за начинот и методологијата на кој ќе одлучува за финансиска поддршка го определува на почетокот пред разгледувањето на барањата.
При распаравата за барањата на седницата присуствуваат и овластени лица од СЗДСМ.

12. При одлучувањет за финансиска поддршка на седницата присуствуваат само престедателот, потпретседателот, членовите на одборот и секретарот на сојузот.

13. Доколку мислењето на оваластените вработени лица е позитивно, барањето го разгледува работно тело за реализација на проект или програма, доколку има формирано, и дава свој позитивен или негативен предлог за барањето.

14. Во случаеви кога нема формирано работно тело позитивен или негативен предлог за барањето даваат претседателот или секретарот на СЗДСМ.

15. Здруженијата чии иницијативи ќе бидат поддржани ќе поднесат завршен наративен извештај по спроведената иницијатива.

16. Одлуките за финаниска поддршка ги потпишуваат претседателот на СЗДСМ и Секретарот.
Во јавноста се објавува само текстот на одлуката.

17. Во рамките на поддршката на иницијатива влегуваат конкретни активности и акции и трошоци од видот: печатење на постери, флаери, освежување, јавни обраќања-пресови, патни трошоци, закуп на сала или интеренет простор, ситен канцелариски материјал (флип чарт, маркери, лепак, ножици) и копирање, публикување и дистрибуција на материјал и сл.

18. Како барател и корисник на финансиска поддршка на една иницијатива може да биде носител едно здружение. Секое здружение на граѓани може да биде носител на најмногу 2 иницијативи.

19. Барањата за исплата ќе бидат претходно администрирани од административниот асистент на проектот со поднесен налог за исплата одобрен од претседателот и секрератрот, а плаќањата ќе се вршат директно на сметка на коминтентите од страна на СЗДСМ по доставена фактура или сметко потврда и фискална сметка.

20. Овие правила стапуваат на сила со денот на нивното донесување.

**Претседател на СЗДСМ**
Димче Велев